БИБЛИОТЕКА „КИКС„

НОВИНСКО ИЗДАВАЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА
„**СТУДЕНТСКИ ЗБОР**„ – СКОПЈЕ

Директор:
Насте Стојковски

Уредник:
Томе Груевски

Рецензенти:
М-р Васил Тоциновски
Венко Андоновски

Лектура, коректура и ликовно и графичко обликување:
Никола Симовски

Печатењето е овозможено со помошта на
Републичкиот СИЗ за култура на СРМ

СИР –Каталогизација во публикација Народна и Универзитетска библиотека „Климент Охридски„„ Скопје.

886.6 – 84
886.6 – 32
886.6 – 7

ТОЛЕВСКИ, ВАСИЛ

Четири чекори до вистината / Васил Толевски. – Скопје: Студентски збор,1988. – 83 страни; 24 см. – (Библиотека Кикс)

**ВАСИЛ ТОЛЕВСКИ**

# ЧЕТИРИ ЧЕКОРИ ДО ВИСТИНАТА

## Прв чекор

ОНОЈ ШТО ЈАДЕ МЕСО – ПЕЕ!
СЕ ОЧЕКУВА РАБОТНИКОТ ДА ПОЧНЕ ДА ЛАЕ!

ИЗГЛЕДА ДЕКА МЕЧКИТЕ НИ СЕ
ПОВАЖНИ ОД РАБОТНИЦИТЕ!
НИВ БАРЕМ ДРЖАВАТА ГИ ШТИТИ СО ЗАКОН.

ЗА ЛИСИЦАТА ЈАЈЦЕТО Е
СВЕТЛА ПЕРСПЕКТИВА.

АКО САКАТЕ ИСТРЕЛ ВО ПРАЗНО
ПУКАЈТЕ ВО ГЛАВАТА.

ЗА ВЕЧНИОТ ТЕОРЕТИЧАР,
НАЈГОЛЕМ НЕПРИЈАТЕЛ Е ПРАКТИКАТА.

ФАЛШЛИВИОТ СОЛИСТ Е
ЉУБИТЕЛ НА ХОРСКОТО ПЕЕЊЕ.

ЛАЗЕЈЌИ – ЛЕТНА!

НЕ ЈАДЕТЕ СЀ ШТО ЛЕТА.
ЌЕ ВЕ ПРОГЛАСТ ЗА ЧОВЕКОЈАДЕЦ.

СОН НА РАБОТНИЧКТ КЛАСА Е
БИРОКРАТИЈАТ ШТО ПОМАЛКУ ДА СПИЕ.

СТЕНКАЊЕТО НЕКОИ ГО ПРОГЛАСИЈА
ЗА ХИМНА НА РАБОТНИЧКАТ КЛАСА.

ИМАМЕ ОДЛИЧЕН СИСТЕМ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ.
САМО НЕ ЗНАМ КАДЕ ТРЕБА ДА УПЛАТАМ.

КРАТКОВИДИОТ СТОПАНСКИ РАКОВОДИТЕЛ
НАМЕСТО ОЧИЛА НОСИ ЗАГУБИ.

ПЕЈ НАРОДЕ.
БАДИЈАЛА ДА НЕ ТИ СВИРАТ ЦРЕВАТА.

ДЕТСКИ РАБОТИ!
ОД ФОТЕЛЈИТЕ НАПРАВИВМЕ РИНГИШПИЛИ.

ОПШТЕЈЌИ СО ДРЖАВАТА СЕ ИЗНАРОДИЈА
НЕПОКРИЕНИ ИНВЕСТИЦИИ.

ПОРАНО ЦРКВАТА НЕ ТЕРАШЕ ДА ПОСТИМЕ.
СЕГА ПОСТИМЕ ПОРАДИ ДРЖАВАТА.

КОГ ЗБОРУВАТЕ ЗА СЕКСОТ, НЕМОЈТЕ
ЗА ПРИМЕР ДА ЈА ЗЕМАТЕ ДРЖАВАТА!

КОГА ЌЕ ВИДАМ КОЛКУ ИМААТ НЕКОИ КОМУНИСТИ,
ПОЧНУВАМ ДА ВЕРУВАМ ВО КОМУНИЗМОТ.

НА НЕКОИ ДРУГАРИ ПОВАЖЕН ИМ Е
ДЕВИЗНИОТ ОТКОЛКУ ПАРТИСКИОТ КУРС.

ВО МАТЕМАТИКАТА НУЛАТА Е ПОЧЕТОК.
ВО СТОПАНСТВОТО – КРАЈ.

ВО НАШЕТО ОПШТЕСТВО ПОСТОЈАТ
ИДЕЛНИ УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА КАРИКАТУРАТА.

СЕГА ПОЧНАВМЕ ДА СЕ ИНТЕРЕСИРАМЕ
ЗА ГУЛАБОТ НА ГРАНКА.
ВРАПЧЕТО ВЕЌЕ ГО ИЗЕДОВМЕ.

НАШЕТО СТОПАНСТВО ИМА ПОРОДИЛНИ МАКИ.
РАЃА МЕЧКА.

РАБОТНИЧКАТА КЛАСА Е СÉ ПОСЛАБА.
ТАКА, И ОНА ШТО ТЕСНО Ѝ ГО СКРОИЈА
СЕГА ЌЕ И БИДЕ ПО МЕРКА.

СРЕЌЕН Е ОНОЈ ШТО ИМА ВОШКИ!
БАРЕМ СЕ ЧЕША ОНАМУ КАДЕ ШТО ГО ЈАДЕ.

НОВА ПАРОЛА: ФАБРИКИТЕ НА РАБОТНИЦИТЕ,
КАНЦЕЛАРИИТЕ НА НЕРАБОТНИЦИТЕ.

СТВАРНОСТА ПОКАЖУВА ДЕКА
НЕ Е САМО ПИНОКИО СО ДРВЕНА ГЛАВА.

ВЕЛАТ: ДА ГИ ЗАУЗДАМЕ ПРОБЛЕМИТЕ.
ИЗГЛЕДА ПАК НЕКОИ КОЊИ СЕ ВИНОВНИ.

НЕ Е РАБОТНИКОТ ЗА ПОКЕР.
ОТВОРЕН Е И НЕ ЗНАЕ ДА БЛЕФИРА.

ДРУГАР НЕПОСРЕДЕН РАКОВОДИТЕЛ:
НЕ КРЕВАЈ ГО ГЛАСОТ... БИРОКРАТОТ СПИЕ.

ЈАС СЛАБЕАМ, ТОЈ СЕ ГОИ.
БАРЕМ И ДВАЈЦАТА ДУПИМЕ ДУПКИ НА РЕМЕНОТ!

БАДИЈАЛА Е ВРЕДЕН КАКО МРАВКА
КОГА ИМА МНОГУ ШТУРЦИ.

КОГА ДИРЕКТОРИТЕ ЕДНИ НА ДРУГИ СИ КОПААТ ЈАМА,
ВО НИВ ПРОПАЃААТ РАБОТНИЦИТЕ.

НЕИСКУСНИОТ ГОВОРНИК
ЌЕ ГО ПРЕПОЗНАЕТЕ ПО КРАТКИТЕ РЕФЕРАТИ.

ГО ПОКАНИЈА КАКО СВЕЧЕН ГОСТИН.
А ТОЈ ПОМИСЛИ – КАКО ВЕЧЕН.

САМОКРИТИК Е ДА СЕ ПРОЗЕВАШ
НА СОПСТВЕНИОТ РЕФЕРАТ.

АКО ПУКАТЕ ВО ВОЛКОТ,
ПОПРВИН ЌЕ ПАДНАТ НЕКОЛКУ ОВЦИ.

АКО ПЛУСКАВИЦИТЕ ИЗЛЕГУВААТ
НА НАЈОПТОВАРЕНИОТ ДЕЛ ОД ЧОВЕЧКОТО ТЕЛО,
ГО ЖАЛАМ БИРОКРАТСКИОТ ЗАДНИК.

НИ МЕЧКИТЕ НЕ СЕ КАКО ШТО БЕА.
А КАКО ДА БИДАТ КОГА ГИ РАЃА СЕКОЈ?!

ОД ГЛЕДНА ТОЧКА НА КУЧЕТО
РАБОТНИКОТ Е ИДЕАЛНО ГРАДЕН.
СÉ КОСКА ДО КОСКА.

НЕ Е САМО ДАНТЕ ШТО ГО СТАВИ
НАРОДОТ ВО ПЕКОЛОТ.

КАКО ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ТАКА И ВО
ПОЛИТИКАТА – ТИКВИТЕ НАЈБРГУ НАПРЕДУВААТ.

КОГА НАШИТЕ ДЕЛА ЗБОРУВААТ –
ВЛАДЕЕ ШТАМА.

УГЛЕДАЈТЕ СЕ НА СВЕЌАТА.
ДО КРАЈОТ НА СВОЈОТ ЖИВОТ СВЕТИ.

ЖИВОТОТ Е ТРГАЊЕ.
АКО НЕ ТРГАШ ЌЕ ТИ ГО ТРГНАТ.

ПАРАДОКС ВО СОЦИЈАЛИЗМОТ:
И НЕПИСМЕНИТЕ РУЧААТ СО ПИСМО!

ЗАКОНИТЕ НИ СЕ КАКО ЖЕНИТЕ!
И КАЈ НИВ СЕКОЈ САК ДА ЈА ИСКОРИСТИ ДУПКАТА.

БИ ГО СТАВИЛЕ НАРОДОТ ДА РАКОВОДИ.
САМО ШТО НЕМА ТОЛКУ ФОТЕЛЈИ.

ЧОВЕКОТ УЧИ СÉ ДОДЕКА Е ЖИВ.
А ГРЕШИ СÉ ДОДЕКА НЕ ГО ЗАТВОРАТ.

ЗАСПАНИОТ КОМУНИСТА
СОНУВА КАПИТАЛИЗАМ.

НЕ ДАЈ БОЖЕ ДРЖАВАТА ДА НИ ОДУМРИ.
ЌЕ МОРАМЕ И ЗА ЗАКОП ДА СЕ ЗАДОЛЖУВАМЕ.

ЛУЃЕТО СТАНАА КАКО СИЈАЛИЦИТЕ.
РАБОТАТ САМО АКО ИМААТ ВРСКА.

ПРИМЕР ЗА ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ
КАЈ РАБОТНИКОТ – ЛИЧНА КАРТА.

НЕКОИ СТАВААТ ВПЕЧАТОЦИ,
А НЕКОИ ОТПЕЧАТОЦИ.

ВО ФАБРИКА СО ПАРАЛИЗИРАНО ПРОИЗВОДСТВО
РАБОТНИЦИТЕ СЕ ШЛОГИРАНИ.

БЛАЗЕ НА МАЈМУНИТЕ.
ЗАДНИКОТ ГО ЧЕШААТ ОД ЗДОДЕВНОСТ.

КОГА ПАЃА ЅВЕЗДА – НАРОДОТ СИ ЗАМИСЛУВА ЖЕЛБА.
КОГА ПАЃА ПОЛИТИЧАР – ЖЕЛБАТА НА НАРОДОТ Е ИСПОЛНЕТА.

СО ИНТЕГРАЦИЈА И ВОЛЦИТЕ СЕ СИТИ
И ОВЦИТЕ СЕ НА БРОЈ.
А ОВЧАРИТЕ СТАНУВААТ ДИРЕКТОРИ.

СЀ Е ОВА НАЈОБИЧНА КРИЕНКА-МИЖЕНКА.
СЕГА МИЖИ РАБОТНИЧКАТА КЛСА.

АКО Е ТОЧНО ДЕКА КРИЗАТА ГИ ЗБЛИЖУВА ЛУЃЕТО, ТОГАШ
ОВА БИ ТРЕБАЛО ДА Е ПРОЦУТ НА БРАТСТВОТО И ЕДИНСТВОТО.

СО ЖРТВА НА ПИОНИ РАКОВОДНАТА ГАРНИТУРА
СЕ ЗДОБИ СО МАТЕРИЈАЛНА ПРЕДНОСТ.

БЛАЗЕ НА СИРОМАСИТЕ.
НИВ НАЈМАЛКУ ГИ ПОГОДУВА
ИНФЛАЦИЈАТА НА ДИНАРОТ.

СЕ МОДЕРНИЗИРАА!
ГЛАСААТ КАКО АВТОМАТИ.

ЗА НЕМИТЕ, РИБИТЕ СЕ
НАЈДОБРИ СОГОВОРНИЦИ.

ОНИЕ КОИ БЛЕАТ КАКО ОВЦИ,
ЗА СЕБЕ ВЛЕЧАТ КАКО КОЊИ!

ПОРАДИ ДИРИГЕНТИТЕ
ОСТАНАВМЕ БЕЗ ПЕСНА.

СПЕЦИЈАЛИТЕТ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЈНА
НАМЕНЕТ ЗА НАРОДОТ:
ЗАШЕЌЕРЕНИ ПРИКАЗНИ.

ПРОСТИТУТКИТЕ НАЈРАЦИОНАЛНО
ГИ ИСКОРИСТУВААТ СВОИТЕ КАПЦИТЕТИ.

ТАМУ КАДЕ ШТО СЕ ТИКВИТЕ НА ВЛАСТ,
НАРОДОТ ГРИЦКА СЕМКИ.

НОСТАЛГИЈА: ЕХ, ДА МИ Е ЖИВОТОТ
КАКО БИОГРАФИЈАТА!

НЕ МОРАТЕ ДА ГЛЕДАТЕ ЗА ДА ВИДИТЕ
ШТО СМЕ НАПРАВИЛЕ.
ДОВОЛНО Е ДА ПОМИРИСАТЕ.

БЛАГОДАРЕНИЕ НА ПАПАГАЛИТЕ
НИШТО НЕ ЗАБОРАВАМЕ.

ДЕНЕС СО САМОУПРАВНА СПОГОДБА
И МАГАРИЊАТА ЈАДАТ ВОЛЦИ.

ДОСТА РАБОТНИКОТ ПЛУКА ВО РАЦЕТЕ.
НЕ СЕ РАЦЕТЕ ВИНОВНИ...

ВЕЛИ ДЕКА Е РАБОТНИК И БОГАТ!
НЕ МУ ВЕРУВАЈТЕ.
ИЛИ НЕ Е РАБОТНИК ИЛИ НЕ Е БОГАТ.

ВО ТЕШКИТЕ ВРЕМИЊА, КРЕДИТОТ Е
НАЈДОБАР ПРИЈАТЕЛ НА ЧОВЕКОТ,
А НЕ КУЧЕТО.

ДЕМАГОШКИ Е ДА НАТЕРАТЕ
ДИРЕКТОР ДА РАБОТИ.

-НА КОЊ СУМ! – СВИКА БИРОКРАТОТ
И ГО ЗБОДНА РАБОТНИКОТ.

МОЛЧЕЊЕТО Е ЗЛАТО, НО НАЈБОГАТИ
СЕ ОНИЕ КОИ НАЈМНОГУ ЗБОРУВААТ.

ЛЕСНО И Е НА РИБАТА ДА МОЛЧИ КОГА ВО ВОДАТА НЕМА
МИКРОФОНИ, ЗАКЛУЧИ ГОВОРНИКОТ.

БИРОКРАТСКИОТ МАЈМУН
СО ПЕЧАТИ СЕ КАЧУВА НАГОРЕ.

ВЛЕКАЧИТЕ СО ТЕК НА ВРЕМЕТО
УВОЛУИРААТ ВО МРШОЈАДЦИ.

НАЈБЕДНИТЕ СЕ НАЈБОГАТИ.

ЈУГОСЛОВЕНСКА:
ДОЛЖАМ – ЗНАЧИ ПОСТОЈАМ!

КРОЈАЧИТЕ НА ИСТОРИЈАТА
ШНИТОВИТЕ ГИ ДОБИВААТ ОДОЗГОРА.

КАПИТАЛИСТИЧКАТА СВИЊА РИЕ
ПО СОЦИЈАЛИЗМОТ МИСЛЕЈЌИ ДЕКА ЕЃУБРЕ.

МОЈОТ ДИРЕКТОР Е КАКО МРАВКА.
ЈАДЕ КОЛИЧИНА НЕКОЛКУ ПАТИ
ПОГОЛЕМА ОД НЕГОВАТА ТЕЖИНА.

КРИЕЈЌИ ЈА ГЛАВАТА ВО ПЕСОКОТ
ЗАДНИКОТ МУ СТАНА МЕТА.

КАКО ВО ДИСКОГРАФИЈАТА ТАКА И ВО СТОПАНСТВОТО:
НАЈСКАПО НЕ ЧИНАТ ЛОНГ-ПЛЕЈ ДОЛГОВИТЕ!

ОД СИТЕ ПОСЕАНИ СЕМИЊА
НАЈСИГУРЕН РОД НИ Е КАЈ ЖЕНАТА.

ВО СОЦИЈАЛИЗМОТ
КАМЕЛЕОНИТЕ СЕ СЕКОГАШ ЦРВЕНИ.

НЕКОИ ДРУГАРИ СЕ КАКО МРШОЈАДЦИ.
ЛЕТААТ ВИСОКО А ГРАБААТ ОД ДОЛЕ.

КРЕМОТ НА ОПШТЕСТВОТО
СИТЕ ГО ЛИЖАТ.

ЖИВОТОТ СТАНУВА СЀ ПОСКАП.
САМОУБИЈЦИТЕ РЕШИЈА ДА ШТЕДАТ.

НЕКОИ ПОМИНАА ОД ЗБОР
НА КРИВИЧНО ДЕЛО.

КОЛКУ ПОВЕЌЕ НИ СЕ НИША БРОДОТ,
ТОЛКУ ПОВЕЌЕ НЕ УБЕДУВААТ
ДЕКА МОРЕТО Е МИРНО.

РАБОТНИКОТ Е ЗАДОВОЛЕН САМО
ПОСЛЕ СЕКСУАЛНИОТ ОДНОС
СО СВОЈАТ ЖЕНА.

ФОРМУЛА ЗА ДОБИВАЊЕ СОЦИЈАЛИЗАМ:
ИНТЕГРАЦИЈА МЕЃУ ШТУРЕЦ И МРАВКА.

ГЛЕДАНО ОД АГОЛОТ НА ГОТВАЧОТ,
НЕМА РАЗЛИКА.
СИТЕ СМЕ ВО ИСТ СОС.

НАШИТЕ МАЛОЛЕТНИ СТОПАНСКИ ГИГАНТИ,
УШТЕ ОД РАЃАЊЕ ДОБИВААТ ИНВАЛИДСКА ПЕНЗИЈА.

## Втор чекор

* СЛИВА
* СВИНСКО РЕЗОНИРАЊЕ
* ГОВОРНА МАНА
* РИБОЛОВ
* ПРВОАПРИЛСКИ ИЗЛЕТ
* СОЦИЈАЛИСТИЧКИ КРЕДИТИ
* ПРИКАЗНА ЗА КОЉО БАГЕРОТ
* ИМА РЕШЕНИЕ ЗА СЀ
* ДОЛГОВИ
* ЖИВОТ КАКО НА ФИЛМ
* САМОУБИЕЦ
* ТЕСТИРАЊЕ

## Трет чекор

* КУЧЕ А НЕ ЧОВЕК
* ПАПАГАЛ
* СО АКЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
* КАПИТАЛ
* ЖИВОТИНСКА ПРИКАЗНА
* ГРАДЕЖНА ЉУБОВ
* ИДЕНТИФИКАЦИЈА
* ИСТОРИСКА СРЕДБА
* СУВЕРЕНОСТ
* АНГЕЛОТ ДОБРОТВОР
* ЕРА НА КОМПЈУТЕРИ
* КУПУВАЧОТ Е СЕКОГАШ ВО ПРАВО

## Четврти чекор

* ЛИТЕРАТИ
* АДМИНИСТРАТИВНО
* СОЗНАНИЕ
* СИМБОЛИКА
* СТУДЕНТСКО СМЕСТУВАЊЕ
* КАЛЕМЕЊЕ
* ЦРВЕНКАПА И ВОЛКОТ

* НЕДОСТИГ
* АСОЦИЈАЦИИ